Програма за децентрализирана соработка меѓу
регионот Долна Нормандија и Македонија
Канцеларија на проектот во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Женевска бб, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 00 389 2 306 59 32
http://crbn-mk.courriers.info

# ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И МАКЕДОНИЈА

http://crbn-mk.courriers.info/francais







април 2011 • издание на македонски •

ИНФОРМАТОР



# Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија



Децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2006 година. Се работи за единствена соработка каде еден француски регион соработува со држава, Македонија. Во срцето на проектот е локалната власт имајќи ги како институционални партнери регионалниот совет на Долна Нормандија и Министерство за локална самоуправа на Македонија. Оваа институционална соработка се состои од акциона програма спроведувана од страна на француски и македонски партнери. Првичната програма е замислена за три години (2007-2010 година), но таа продолжува и во наредните три години (2011-2013). Финансиски поддржан од страна на Министерството за надворешни и европски работи на Франција.





## Активности и учесници

Проектот има за цел да ги анимира двете територии, Долна Нормандија и Македонија, преку шесте теми на соработката. Иако се работи за институционална соработка, активностите од проектот се групирани во 6 дела спроведувани од француско-македонски „тандем организации". Целта е да вклучат сè поголем број граѓани и организации на повеќе нивоа: државни иституции, здруженија на граѓани, професионални комори, медиуми итн., за да се одговори на потребите на двете територии. Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности.



## Соработка на општините: пат кон европско граѓанство

Најзначаен резултат од претходните години на проектот се договорите за соработка меѓу општини од Македонија и Долна Нормандија. Директната соработка на локалните власти дава можности за средби на граѓаните од Франција и Македонија со цел да се зајакне чувството за европски идентитет и граѓанство.



© Emmanuel Luce

## Цели

Оваа соработка е резултат на заеднички напори на Македонија и на Долна Нормандија да ги отворат нивните територии кон светот и да ги поттикнат нивното население во активно граѓанство на локално и Европско ниво преку реципроцитет и размена. Проектот има за цел да го да го придружува процесот за влез во Европска Унија и спроведувањето на европското право. Програмата цели кон зајакнување на доброто локалното владеење во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на локалното население, како и кон разменување на добри практики и искуства. Главните цели на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да го поттикнат учеството на граѓаните и да помогнат во остварување на одржлив развој.

# ШЕСТ ОСКИ НА СОРАБОТКА

1

**Дигитални технологии и медиуми**

Обука и употреба на нови технологии за подобро локално владеење

- Регионален совет на Долна Нормандија - Долна Нормандија
- Метаморфозис - Македонија

2

**Млади, образование, локално и европско граѓанство**

Активно учество на младите во локалниот живот

- Европска куќа од Каен - Долна Нормандија
- Коалиција на младински организации СЕГА - Македонија

3

**Попис на културно наследство**

Методологија за попис на културно наследство

- Национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори - Франција
- Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство - Македонија

4

**Културни политики**

Зајакнување на капацитетите на локалните власти во областа на културата

- Регионален центар за култура, етнологија и техника (CRéCET)- Долна Нормандија
- Локомотива - Македонија

5

**Културно наследство и одржлив туризам**

Поддршка и промоција на одржливиот туризам

- Умешност и познавање (Savoir-Faire et Découvertes) - Долна Нормандија
- Центар за институционален развој (ЦИРа) - Македонија

6

**Развој на земјоделството**

Зајакнување на мрежата на фармери за развој на одржливо земјоделство

- Француски земјоделци за меѓународен развој (AFDI) - Долна Нормандија
- Федерација на фармери на Република Македонија - Македонија

ОСКА 1

Датум: Април 2011
Место: Скопје, Велес, Дебар

# Обуки за користење на Wiki.mk во Скопје, Велес и Дебар

Овој месец Фондацијата Метаморфозис одржа обуки за користење на Wiki.mk. На обуките организирани во Скопје (16.04.2011), Велес (08.04.2011) и Дебар (01.04.2011) учесниците се запознаа со Вики софтверот и неговата употреба.

На обуката во Скопје беа присутни активисти од организациите „Плоштад Слобода", „МОФ" и „Викимедија", додека во Велес најголемиот број на учесници беа дел од Фондацијата „Фокус", Општина Велес и извидничкиот одред „Димитар Влахов"-Велес. Обуката ја вршеа претставници од невладината организација „Викимедија", кои на посетителите им презентираа како се уредува текст, создаваат врски и наводи, како и да уредување на мултимедијална содржина, табели, категории и страница за разговор.

На крајот од обуката финалниот производ на учесниците беа уредените статии за Велес и Галичник, според стандардите на Wiki.mk.



ОСКА 2

Датум: 03-07 Април 2011
Место: Долна Нормандија

# Студиска посета за мрежата за младинско информирање, локално партнерство и модалитетите на негово спроведување

Во периодот од 03 до 07 април тимот на Младинскиот Информативен и Советодавен центар ИНФО СЕГА, заедно со извршниот директор на Коалиција СЕГА, советник од Локалната самоуправа Струмица и претставник од одделот ЛЕР на општина Штип присуствуваа на студиската посета за Мрежата за младинско информирање, Локалното партнерство и модалитетите на негово спроведување во Долна Нормандија, Франција. Целта на оваа студиска посета беше да се проучи системот како функционираат Младинските Информативни центри во оваа област на Франција, претставниците од општините Штип и Струмица подобро да се запознаат со моделот на Младинските Информативни центри, размена на искуства и можности за понатамошна соработка меѓу Македонија и Долна Нормандија.

Македонската делегација имаше можност да посети Младински информативни центри, Информативни точки, општини и државни канцеларии, младински



куќи и младински културни центри во Каен, Флер, Сен Ло и Вистреам.

Со студиската посета се собра доста позитивно искуство за младинските информативни центри, Младинското информирање, локалното партнерство и модалитетите на неговото спроведување. Доста идеи и новини од презентациите ќе се обидеме да ги внесеме во нашата секојдневна работа на ИНФО СЕГА, а исто така ќе се покренат иницијативи за отворање нови младински информативни центри во општините Штип и Струмица.

ОСКА 4

Датум: 04 - 07 Април 2011
Место: Битола

## Работилница за анализа и стратешко планирање за развој на културата во регионот Пелагонија

Битола беше домаќин на работилницата во времетраење од четири дена на која земаа активно учество триесетина претставници на културниот сектор од сите девет општини на Пелагонискиот регион (претставници од општините одговорни за култура, јавните културни институции, здруженија на граѓани, независни уметници, занаетчиски здруженија итн.).

Работилницата се реализираше преку серија презентации (реализирани од експерти и соработници од земјава и странство) и интерактивен метод на работа во групи во кои активно се вклучија сите учесници.

Во рамките на работилницата се работеше на неколку различни нивоа. Пред сè се направи анализа на состојбите во полето на културата во општините од регионот Пела-



гонија, се работеше на градење на визија и цели за развој на културата во регионот, како и на дефинирање на акционен план за изработка на стратегија и план за културен развој на Пелагонискиот регион. На крај на работилницата се креираше координативно тело кое ќе го спроведува акциониот план за периодот кој следи. Изработката на стратегијата, планот и спроведувањето на активностите ќе придонесат кон поголема видливост на регионот, регионална координација на културната понуда и можност за поголема промоција во и вон рамките на земјата.

Носителите на оската за Културна политика и културна размена се Центарот за нови иницијативи во уметноста и културата од Скопје – Локомотива и Регионалниот центар за култура, етнологија и техника – CRECET.

Локален партнер и координатор на активностите на регионално ниво во Македонија е Центарот за регионален развој на пелагонискиот плански регион.

ОСКА 6

Датум: 03- 13 Април 2011
Место: Долна Нормандија

## Претставници од Федерација на фармери на Македонија во работна посета на Долна Нормандија



Македонска делегација составена од претставници на ФФРМ и млеко-производители имаа можност да ги посетат фармите во Долна Нормандија, лабораториите за производство на млеко, земјоделската банка, техничкиот начин на работа со одделни групи на фармери, но и да присуствуваат на генералното собрание на АФДИ.

Тие се запознаа со севкупниот процес на производство на млеко во Франција, од одгледување на кравите, сè до продажба на пазарот. Како дел од таа активност, посетија и една од најголемите лаборатории за испитување на млеко во Долна Нормандија.

Сепак, најзначајно за целата група е можноста македонската екипа да се запознае со начинот на организирање на земјоделците во кооперативи во Долна Нормандија, нивната функционалност и бенефициите од овој начин на организирање. Во тој контекст се запознаа со запознаа со групирањето во „интерпрофесии". За Македонците се работи за нов, но многу корисен начин за здружување и организирање на фармерите со млекарите и откупувачите.

Производителот на јаболка имаше можност да ги посети овоштарниците со јаболка и да се запознае со тамошниот начин на одгледување на истите.

Присуството на генералното собрание на АДФИ на македонскиот тим му овозможи да одговори на бројните прашања на посетителите и воедно подобро да ги запознае со предвидените активности и соработката помеѓу Долна Нормандија и Македонија во земјоделството, на двете страни во оваа област.

**Датум: 31 Април 2011**
**Место: Прилеп**

## Средишниот управен одбор во Прилеп – Зајакнување на соработката меѓу Долна Нормандија и Македонија

Во рамките на децентрализираната соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија, на 21 април 2011 во просториите на СЕГА, во Прилеп, се одржа средишниот управен одбор на четвртата година на соработката. На управниот одбор учествуваа македонските партнери од сите шест оски кои се сретнаа со шефот на мисијата на децентрализираната соработка од Регионалниот совет на Долна Нормандија и со координаторот на програмата за соработка. На состанокот учествуваше и претставник од француската амбасада.

По претставувањето на новитетите во соработката, учесниците разговараа за реализираните активности од изминатото полугодие, како и за планираните активности до крајот на оваа година. Во дискусиите беа опфатени и мерките за поддршка предвидени за овие три години.

Учесниците исто така зборуваа за мисијата за туризам планирана за јули 2011. Целта на оваа посета ќе биде Македонија да се претстави како идна туристичка дестинација пред француските тур оператори кои на лето ќе го посетат градот Охрид.

Посебен акцент беше ставен на комуникацијата на програмата на соработка за која е координацијата на проектот во Скопје, во соработка со сите партнери. Нивните идеи и сугестии ќе бидат вклучени во новата веб страница која е во изработка.

Анализирајќи ги новите можности, предлози и мерки за поддршка, од овој средишен управен одбор произлегоа интересни и иновативни предлози кои ќе ја зајакнат децентрализираната соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија. Овие резултати претставуваат поддршка и подготовка за француските партнери и актери, кои ќе се сретнат во мај.



**ОСКА 2**

**Датум: Мај 2011**
**Место: Македонија/Франција**

## Средба преку видео конференција за денот на Европа

За денот на Европската унија и годината на европското волонтерство, ќе се одржи видео конференција во Долна Нормандија и во Македонија. Средбата е наменета за локалните власти и организациите, младинските работници, младите (околу 34 учесници, 17 од МК и 17 од ДН). Волонтерството како израз за активно граѓанство и партиципативната демократија може да достигне европска димензија. Постојат Европски програми кои ја финансираат мобилноста на младите и кои треба да ги запознаеме посуштински.

2011 The European Year of Volunteering

Région Basse-Normandie

**Датум: 13 мај 2011**
**Место: Каен, Долна Нормандија**

## Средишен управен одбор за француските партнери во Каен

Остварените активности и идните проекти на програмата за децентрализирана соработка меѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија ќе бидат главна тема на средишниот управен одбор што ќе се одржи на 13 мај во Каен.

# Охрид - потенцијална туристичка дестинација за француските туристи

**Датум: 19 и 20 април 2011**
**Место: Охрид, Струга и Скопје**

Сандрин Фанже, шеф на одделението за развој на туризмот од Долна Нормандија беше во кратка посета на Македонија. Целта на посетата беше да се подготви теренот за мисијата во јули со претставниците од туризмот од Долна Нормандија. За таа цел беа остварени средби со одговорните туристички работници во Скопје и Охрид, меѓу другите и од секторот за туризам во министерството за економија и општина Охрид.

*Следната етапа на соработката ќе работи на зајакнување на економските врски меѓу Долна Нормандија и Македонија. Во тој контекст, туризмот се наметнува како одлична можност за искористување на македонските потенцијали во комбинација со искуството на Долна Нормандија во овој домен.*

*Оваа етапа опфаќа* ***мисија за истражување на институционалните и приватните актери од регионот Долна Нормандија****, особено од околината на Каен како град кој е збратимен со Охрид од 2009 година.*

*Во советот на Долна Нормандија, на 12 мај, координацијата на програмата за соработка ќе ја презентира Македонија и нејзината туристичка понуда. Дел од презентацијата ќе биде посветен на современата култура, гастрономијата и културно-историското наследство на Македонија.*

